МЦМС и Алијансата на организации од Битола ги поканувaат семејствата од Скопје и Битола да бидат домаќини и да го отворат својот дом за тринеделен престој на студенти од македонската дијаспора. Студентите се дел од програмата „Родум од Македонија“ и ќе престојуваат во земјата во периодот од 1 јули до 22 јули 2022 година.



За време на престојот младите ќе извршуваат практична работа во соодветни институции во Скопје и Битола, а сместувањето во семејства ќе им овозможи да бидат во допир со нашата култура, да се запознаат со нашето секојдневие и да создадат трајни пријателства.

Потребните услови кои секое семејство треба да ги исполнува се наведени во Документот за согласност кој може да го видите на следниот линк . За сместување на студентите е предвиден паричен надомест од 100 американски долари како симболична поддршка за семејствата домаќини.

„Родум од Македонија“ е дел од глобалниот проект „The Macedonian Heritage Village“, што го спроведува Обединета македонска дијаспора (ОМД) . Оваа програма се организира по шести пат. По успешните пет години, кога можноста ја искористија четворица студенти во првата година, шест во втората, осум во третата, пет во четвртата и шест во петта година, интересот на студентите од дијаспората постојано расте.

Доколку би сакале вашето семејство да  биде домаќин на некој од студентите, пријавете се на: jch@mcms.mk за семејства од Скопје и на renata.petrevska@eccfp.edu.mk за заинтересирани семејства од Битола, најдоцна до 20 јуни 2022 година.

За сите дополнителни информации може да не контактирате на тел. 072 226-144.